

## ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ

Македонските иселеници од сите делови на Македонија новото раѓање на Македонската православна црква го доживеаја како ново и целосно ослободување на национално и духовно-културно поле.Тоа е плод на македонските црковно-национални дејци кои се потрудија да ја претстават дејноста на нашата Света црква преку делото на македонските православни црковни општини, како и преку активностите на културно-просветните и духовно-националните центри во прекуокеанските земји, со посебен осврт на оние во Австралија, Канада и САД

Тоа место, особено му припаѓа на митрополитот Кирил и на четвртиот поглавар на Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПН – ОА) г.г. Михаил, кој беше меѓу првите духовно- национални мисионери во Австралија во првата македонска православна општина „Свети Ѓорѓи“ во Мелбурн. Како познат и признат свештеник беш испратен во Мелбурн, во 1966 година, за да ја заврши својата мисија  и да се врати во Македонија  при крајот на 1970  година.

По неговото враќање бил назначен за ректор на Македонската православна богословија, каде предавал англиски јазик, омилитикам и пастирско богословие. Покрај англискиот зборувал француски, руски и се служел со повеќе живи класични јазици. Харизматичниот дедо Михаил ќе остане запаметен како неповторлив професор по омилитика (црковно ораторство).

Од 1972 година бил генерален секретар на Македонската архиепископија, а за архиреј бил хиротонисан на 25. 12. 1988 година. Неговото Блажество Г.Г. Михаил е познат е по тоа што несакал да ги чита своите богослужбени слова, но е запаметат по неговото ораторство со кое ги надминуваше сите архиереји. Како образован и начитан човек умеел со своите беседи да проникне во душата на македонскиот народ, а заедно со нив доживеа да ужива во плодовите на независноста на Република Македонија.

Инаку, Македонската православна општина „Свети Ѓорѓи“ (а денес „Свети Ѓорѓи и Света Богородица“) во Мелбурн во која ја започна својата мисија  свештеникот Методи Гогов (Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Михајл) е прва македонска православна црква изградена надвор од Република Македонија и е дело претежно на Македонци од егејскиот дел на Македонија. Имено, најголемиот број Македонци во Австралија по Втората светска војна и пред тоа беа од Беломорска Македонија доселени главно во државата Викторија.

Најзначаен датум за духовното живеење на Македонците во Мелбурн, а оттаму во целата дијаспора, е 18 мај 1956 година. Тогаш се одржал првиот јавен собир на кој со силен  жар, напор,ентузијазам,патриотски дух и љубов кон Црквата,започнала кампањата за собирање средства сред македонците,нивните пријатели и симпатизери, со цел да се изгради македонски храм,што ќе им служи на сите православни македонски христијани во Мелбурн и Викторија.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**